**Рецензија за „Кајмак“ заедно со интервју со режисерот Милчо Манчевски објавена на филмскиот портал „A Good Movie to Watch - Projector“ на 3.11.2022:**

https:// agoodmovietowatch.com/projektor/milcho-manchevski-interview/ )

Во „Кајмак“, новата комична драма на Милчо Манчевски, кој е добитник на Златен лав и на номинација за Оскар, градот Скопје е претставен како лавиринт на згради што се преклопуваат, тесни улици задушени од нетрпелив сообраќај, и прометни пазари и пекарници што кријат тајни страсти. Ова е место со јасна поделба меѓу социоекономските класи, иако ги поврзува исто чувство на неисполнетост, и самиот кајмак – локален млечен производ што сите го сакаат.

Богатата двојка Ева и Методи (Камка Тоциновски и Филип Трајковиќ) копнеат да исчуваат свое дете, а Данче и Карамба (Симона Спировска и Александар Микиќ), партнери од работничка класа, не успеваат да најдат време за интимност. Двете двојки навидум ќе најдат решение за своите јадови во слободоумната Виолетка (Ана Стојановска) и младата жена со попреченост Доста (Сара Климоска). Но, како што секој пар конечно искусува задоволство во овие нови неконвенционални спреги, така почнува да узрева и недовербата.

Самиот по себе, „Кајмак“ е филм сочинет од исклучително разнообразни заплети кои предизвикуваат непланирани последици еден врз друг. Сепак, неговиот колаж од приказни се спојува во портрет на возрасни луѓе, кои се обидуваат да ја повратат контролата врз еден свет што ги натиснал и покрај тоа што притоа им се искривува чувството за моралност. Па за рамномерно да ги жонглира овие чинии, режијата на Манчевски бара мајсторски фат за да најде нешто мрачно комично во мачните ситуации на трговија со луѓе и злоупотреба, и нешто очајно во најблажените сцени на филмот.

Оваа умешност во владеење со различни расположенија се пренесува и на глумата на ансамблот на Манчевски, кој се покажува повеќе од кадарен да ги игра обете лица на истата паричка. Особено впечатлива е Спировска, чија Данче е веројатно најчесна од сите, а сепак се чини дека е постојано казнувана што си ја гледа својата работа. Времето ќе покаже пред колкава публика ќе може да игра „Кајмак“, кој сега го почнува своето меѓународно патување, но непредвидливото сфаќање за кармичка правда на овој филм треба да биде уникатно, трагикомично искуство за секој кој ќе има среќа да го види.

**Не постои „реалистичен“ филм. Секогаш ја посредуваме реалноста за да направиме филм**

1. Што ве привлекува кога треба да се снима во еден урбан простор како Скопје?

   За жал, Скопје е многу набиен и стуткан град. Повеќето тротоари се окупирани од коли – градот дури наплатува за паркирање на тротоар. Урбанистичката мафија во тесна соработка со корумпирани политичари го зела градот под свое и го уништува квалитетот на живот на граѓаните последниве 25 години. Многу станови ги имаат загубено сонцето и чистиот воздух поради нови згради што никнале таму каде што порано беа убави куќи, баш како во „Кајмак“. Малите паркови се уништени за да се направи место за високи згради, загаденоста е меѓу највисоките во светот, сите правила на урбанистичко планирање познати на човештвото се игнорирани и прекршени.

   Така, начинот на кој овој урбан Квазимодо е прикажан во „Кајмак“ е инспириран од и е одраз на вистинскиот град Скопје, урбана метропола која потекнува уште од време на старите Римјани, град кој денес поминува низ еден од своите периоди. Се разбира, никогаш не ми е намера само едноставно да ја отсликувам стварноста или да уловам „реалистичен“ момент (ако такво нешто навистина постои). Намерата е да се употреби верен риф на стварноста како еден од елементите во уметничко дело кое ќе истражува и ќе предизвикува и ќе зборува за прашања поголеми од дневна политика или од идеолошки догми. Покрај тоа, ме возбудуваат можностите кои густото урбано живеење ги нуди како основа за едно парче филм.

2. Зградата која ја користите како главна локација е погодна за перспективи кои помагаат во создавањето на ликовите. Како ја избравте токму оваа зграда како ваша локација?

   Со месеци го крстосував Скопје на точак, барајќи потенцијални локации. За жал, имаше изобилство вакви ситуации каде нова зграда за богати се надвиснала над обична куќа, па имав голем избор. Драго ми е што ја спомнувате перспективата затоа што тој елемент горе-долу е еден од оние моменти кои се забавни и важни при етаблирањето и развивањето на односот/врската меѓу сиромашните и богатите во „Кајмак“. Важно беше овој концепт да се екстернализира и да се визуелизира.

3. Намерата во „Кајмак“ е да се прикажат обични ликови со реалистични, возрасни проблеми. Како го балансирате „реалистичното“ бирање актери додека во нив барате и нешто актерско?

   Ова завлегува во срцето на она што секој филм се обидува да го направи – да земе елементи од вистинскиот живот (локации, луѓе, костими, сценографија) и да ги исткае во нова стварност. Не постои „реалистичен“ филм – ние секогаш ја посредуваме стварноста за да направиме филм; дури и кога личи на вистинскиот оригинал, авторот направил бројни одлуки за да те наведе да мислиш дека филмот е „реалистичен“. Тоа е само уште еден вид

на стилизација. Конкретниот завршен филм станува твојата нова стварност и на гледачот може да му се допадне оваа стварност или не. Луѓето реагираат на светот создаден во секој филм повеќе одошто реагираат на приказната.
Кога правиш филм, работата е да се погоди балансот меѓу она што го имаш во поглед на материјални можности (елементите – локации, луѓе, костими...) и она што си со ниет да го создадеш. Јас сакам да ја најдам рамнотежата на пооргански начин, допуштајќи да се развие синергија меѓу она што го сакаме и она што е достапно – наместо ригидно да се наметнувам. Со време станувам поопуштен по прашање на тоа колку го контролирам светот што го создаваме.

4. Се чини дека имате прилично интензивен процес на проби со вашите актери. Што сакате да постигнете со пробите пред да одите на снимање?

   Пробите (како и продолжениот процес на кастинг) се за мене меѓу најсуштинските делови од процесот на правење филм. Јас обично работам проби три недели – читање на маса, малку мизансцен и понекогаш проби на локација. Од практична страна ова личи на дополнителен товар за продукцијата – ги ангажираш глумците на подолг период уште пред да почнеш со снимање – ама всушност имаш голем ќар, и во поглед на квалитет на филмот и во поглед на полесно (и со тоа поевтино) снимање. Кога сме на проби, работиме без притисокот што го имаш на снимање, саатот не чука, техничкиот персонал не се меша…

   Прво само го читаме сценариото, сцена по сцена. Рамно, без глума. Потоа почнуваме да го работиме. Глумците го работат како што сметаат дека треба да биде направено. Јас гледам и коригирам. Разговараме. Ги наоѓаме причините зошто ликовите го прават тоа што го прават. Јас го викам тоа форманизирање, по Милош Форман. Си објаснуваме себеси што се случува во нивните глави и срца. Зборуваме за нивните претходни истории. Понекогаш, не премногу често, менуваме работи во сценариото. На крајот очекувам глумците да ја одглумат сцената онака како што ќе биде одглумена пред камера – или барем очекувам на пробите да дојдат до 80% од тоа. И тогаш се договараме дека така ќе треба да се одигра пред камера, и очекувам секој добар глумец да умее да го стави ова во тегла и да го отвори неколку недели подоцна, да го извади и да го повтори кога ќе бидеме на снимање. Бергман велел: „Пробата е креација, а снимањето ре-креација“.

5. Со толку многу различни расположенија во овој филм, што би рекле дека е вашата работа како режисер? Како ви се променила замислата за вашата работа во споредба со времето кога почнувавте?

   Би сакал да мислам дека со време моите филмови стануваат покомплексни – и тоа може да објасни зошто се помалку експонирани одошто кога правев посентиментални филмови. Прашањето на тон е многу поважно одошто многумина мислат. Тоа е можеби она поради што еден филм ни се допаѓа, а друг не – тонот, кој се состои од работи што тешко се опишуваат: видот на однос што ликовите го имаат еден со друг, нивното однесување, ставот што авторот го има кон публиката, густината на приказната, ритамот, емоционалниот набој, текстурата на сликата, звукот и музиката, стилизацијата (особено во

глумата), итн. Луѓето обично сакаат нивните филмови да имаат конзистентен и предвидлив тон. Кога бев дете татко ми велеше дека може да познае каков ќе биде филмот (и за што ќе биде) по музиката врз најавната шпица. Се опушташ во комфорот на сознанието дека знаеш што да очекуваш. Сега, моја преференца како гледач, ама и како автор е поавантуристичка. Не ми пречи реметење. Напротив, ме радува.

6. Јас никогаш не сум имал можност да вкусам кајмак. Како би ја опишале неговата привлечност?

   Ако сакате путер или сирење, ќе сакате и кајмак. Тоа е солен густ кајмак од млекото, и кога некој во Македонија ќе каже „го собра кајмакот“, сака да каже дека го собрал најубавото. Тоа е она што повеќето од нас сакаат да го прават во животот.